**ДО**

**СОБРАНИЕТО НА АКЦИОНЕРИ**
**НА ЖИТО ЛУКС АД**

**Т у к а**

# И З В Е Ш Т А Ј
## За работењето на Управниот одбор за 2017 година

Во текот на 2017 година Управниот одбор работеше согласно Законот за трговски друштва, Статутот и Општиот колективен договор за приватниот сектор од областа на стопанството и редовно заседаваше и ги превземаше потребните активности за непречено работење на Друштвото.

Во текот на 2017 г. Управниот одбор одржа вкупно 18 седници, и заседаваше и работеше во состав кој беше менуван во текот на годината.

Од почетокот на 2017 година Управниот одбор работеше во следниот состав:

1. Г-дин Рамантанис Димостенис - Претседател
2. Г-дин Георгиос Никифоридис-Потпретседател
3. Г-дин Георгиос Василакис-член
4. Г-ѓа Емилија Дубарџиева-член
5. Г-ѓа Наташа Чрековиќ-член
6. Г-дин Василеиос Бирмпилис-член
7. Г-дин Теодорос Гуциос-член

Од Октомври 2017 година, Управниот одбор работеше во следниот состав:

1. Г-дин Рамантанис Димостенис - Претседател
2. Г-дин Георгиос Никифоридис-Потпретседател
3. Г-дин Георгиос Василакис-член
4. Г-ѓа Наташа Чрековиќ-член
5. Г-дин Василеиос Бирмпилис-член
6. Г-дин Теодорос Гуциос-член
7. Г-ѓа Катерина Давидовска-член

Во овој период Управниот одбор одржа вкупно 18 седници и расправаше за повеќе прашања на тема:

- Редовно се разгледуваа и усвојуваа тримесечните извештаи за работењето на Управниот одбор и истите се доставуваа до Надзорниот Одбор на усвојување;
- Се донесе одлука за измена и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места на Друштвото;
- Се донесе одлука за измена и дополнување на Правилникот за внатрешна организација на Друштвото;
- Се донесе Одлука за утврдување на основната плата и надоместоците од плата на вработените во ЖИТО ЛУКС АД Скопје;
- Се разгледа извештајот и пописниот елаборат доставен од страна на Централната пописна комисија и се донесоа одлуки по истиот;
- Се донесе Одлука за измена и дополнување на Одлуката за формирање на Комисија за отуѓување на основни средства и ситен инвентар надвор од употреба;
- Се донесе Одлука за измена и дополнување на Одлуката за формирање на Комисија за утврдување на причини и вршење на увид на лице место при повреда на работник на работа;
- Се донесе Одлука се врши измена и дополнување на Одлуката за формирање на Komisija za izdvojuvawe i popis na dokumentiran materijal;
- Се донесе Одлука за формирање на Комисија за утврдување на материјална штета;
- Се одобри задолжување на Друштвото во Комерцијална Банка АД Скопје, со Договор за краткорочен кредит, како и засновање на заложно право врз подвижни предмети во корист на Комерцијална Банка АД Скопје;
- Се донесе одлука за усвојување на годишната сметка на ЖИТО ЛУКС АД Скопје за 2016 г.;
- Се донесе одлука за усвојување на финансиските извештаи на ЖИТО ЛУКС АД Скопје за 2016 г.;
- Се донесе одлука за усвојување на Годишниот извештај за работењето на Друштвото за 2016 г.;
- Се донесе одлука за одобрување на Извештајот за работењето на Управниот Одбор за 2016 г.;
- Се разгледа и се усвои Годишниот извештај од Службата за внатрешна ревизија на Друштвото за 2016 г.;
- Се донесе одлука за свикување на Годишно собрание на акционери на ЖИТО ЛУКС АД Скопје за ден 31-05-2017 г. во 14:00 часот и се утврди агендата за истото;
- Се донесоа одлуки за продажба и давање под закуп на основни средства, сопственост на ЖИТО ЛУКС АД Скопје;

- Одлука за определување на надомест за доделување на материјална помош за вработени во Друштвото во случај на постоење на серизоно заболување и/или болничко лекување;
- Се донесе одлука за измена и дополнување на Одлуката за овластување на потписници на жиро сметките на Друштвото;
- Се донесоа одлуки за откажување на договори за вработување на вработени поради деловни причини;
- Се донесе Одлука за одобрување на продолжување на важноста на Договорот за рамковен револвинг кредит лимит, склучен со Охридска Банка АД Скопје и продолжување на важноста на заснованото заложно право врз недвижност, сопственост на Друштвото, во корист на Охридска Банка АД Скопје;
- Се усвои планот за користење на годишните одмори на вработените за 2017 г.;
- Се усвои планот и програмата за обука на вработените на ЖИТО ЛУКС АД Скопје за 2017 г.;
- Се разгледа Полугодишниот извештај од Службата за внатрешна ревизија на Друштвото за периодот од 01-01-2017 г. до 30-06-2017 г.;
- Се донесе одлука за набавка на основни средства;
- Се донесе одлука за вршење на попис со состојба 31-12-2017 г. и за формирање на Централна пописна комисија;
- Се одобри исплата на регрес за годишен одмор (К-15) за 2017 г. за вработените во Друштвото;
- Се одобри доделување на новогодишни подароци за вработените и за надворешните соработници на Друштвото;
- Се одобри доделување новогодишни подароци за децата на вработените на возраст до 10 г.

Управниот одбор редовно го информираше Надзорниот одбор за своето работење.

Од горе наведеното можеме да кажеме дека Управниот одбор во текот на 2017 г. редовно заседаваше и запознаваше со проблемите во Друштвото и превземаше и други активности се со цел да се обезбеди поуспешно работење на Друштвото.

***Од УПРАВЕН ОДБОР***